# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА

# ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО



| | |
|---|---|
| **ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **Бр. 4 год.21** |

**Општина Чучер - Сандево, април 2018 година**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Излегува** | **Понеделник** | **Бр. 4** |
| **по потреба** | **30 април 2018 година** | **Год. 21** |


# 25.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА I КВАРТАЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

Се објавуваат **Одлука за усвојување на кварталниот извештај за I квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **6-та** седница, одржана на **27 април 2018** година.

**Бр.09-620/1**
**30.04.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр. 5/02), член 32 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен веник на Р.М.” бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 23 став 1 алинеја 43 од Статутот на Општината Чучер-Сандево (“Службен гласник на Општина Чучер-Сандево” бр.02/03), Советот на Општина Чучер-Сандево на **6-та** седница одржана на **27.04.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ, ЗА I КВАРТАЛ, ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2018 ГОДИНА**

1.Се усвојува кварталниот извештај за **I** квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2018** до **31.03.2018** година.

2.Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за период од **01.01.2018** до **31.03.2018** година, е составен дел на оваа Одлука.

3.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-595/3**
**27.04.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 26.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2019 ГОДИНА

Се објавува **Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2019 година**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **6-та** седница, одржана на **27 април 2018** година.

**Бр.09-620/2** — **Општина Чучер-Сандево**
**30.04.2018 година** — **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** — **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен веник на Р.М." бр. 27/14, 199/14 и 27/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **6-та** седница одржана на **27.04.2018** година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа одлука се дава Согласност на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2019 година, бр.01-482/1 од 29.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-595/4** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**27.04.2018 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** — **Ацо Ушковски с.р.**

# 27.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТПИС И РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА И СИТЕН ИНВЕНТАР СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Се објавува **Одлука за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Чучер-Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **6-та** седница, одржана на **27 април 2018** година.

**Бр.09-620/3**
**30.04.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), член 23 став 1 точка 43 од Статутот на Општината Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03) и член 34 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/03, 28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), Советот на Општина Чучер-Сандево, на **6-та** седница одржана на **27.04.2018** година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ОТПИС И РАСХОДОВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА И СИТЕН ИНВЕНТАР СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис на основните средства и ситен инвентар сопственост на Општина Чучер-Сандево.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на основни средства и ситен инвентар се врши на предлог на Комисија за вршење попис на основни средства и ситен инвентар за 2017 година, поради нивна дотраеност или неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходованите основни средства и ситен инвентар се утврдува со спецификација која е составен дел на ова одлука.

**Член 4**

Отпишувањето и расходувањето на основните средства и ситниот инвентар ќе го изврши Комисија за отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Чучер-Сандево, составена од 5 (пет) члена, именувана од Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево.

**Член 5**

Комисијата за вршење на отпис на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Чучер-Сандево, ќе врши увид во фактичката состојба на основните средства и ситниот инвентар кои се предлагаат за отпишување и расходување.

Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со отпишаните и расходованите основни средства и ситен инвентар (дали истите да се отуѓат по пат на продажба, се употребат за друга намена за потребите на општината или ќе се уништат и исфрлат на отпад).

За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево.

**Член 6**

Донесување на оваа Одлука ќе значи:

- Право на евидентирање на паричната вредност која би се стекнала со евентуална продажба на некои основни средства и ситен инвентар и на основните средства и ситен инвентар што општината ќе ги употребува за друга намена за свои потреби, во буџетот на Општина Чучер-Сандево.
- Право на отпишување на утврдената вредност на основните средства и ситен инвентар, кои ќе се уништат или фрлат на отпад, од Буџетот на Општина Чучер-Сандево.

Правото на евиденција и отпишување на паричната врдност ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Чучер-Сандево”.

**Бр.08-595/5**
**27.04.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

**СПЕЦИФИКАЦИЈА**

| **Инвентарен број** | **опис** | **Количина** | **Единечна мерка** |
|---|---|---|---|
| 29 | Сервер 1 | 1 | комад |
| 57 | Патничко возило Пасат SK 606 KH (во сервис) | 1 | комад |
| 5210043 | Канцелариско биро | 1 | комад |
| 5210057 | Маса | 1 | комад |
| 5210058 | Плакар | 1 | комад |
| 5210068 | Столица | 1 | комад |
| 5210069 | Столица | 1 | комад |
| 5210072 | Столица SX 117 тапацирана во плав | 1 | комад |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | штоф | | |
| 5210073 | Канцелариско биро | 1 | комад |
| 5210084 | Столица | 1 | комад |
| 5210090 | Канцелариско биро | 1 | комад |
| 5210092 | Столица CX 117 тапацирана во плав штоф | 1 | комад |
| 5210102 | Канцелариско биро | 1 | комад |
| 5210129 | Столица | 1 | комад |
| 5210138 | Фотеља | 1 | комад |
| 5210141 | Висок плакар | 1 | комад |
| 5210142 | Средно нисок плакар | 1 | комад |
| 5210143 | Средно нисок плакар | 1 | комад |
| 5230013 | Монитор | 1 | комад |
| 5230029 | Персонален компјутер-DLC SF478 ATX Case | 1 | комад |
| 5240002 | Принтер HP LaserJet 1022 | 1 | комад |
| 5240005 | Принтер XEROX | 1 | комад |
| 5260005 | Телефон | 1 | комад |
| 5260012 | Опрема - CU 6005 Central unit | 1 | комад |
| 5280004 | Смарт УПС 2000 | 1 | комад |
| 5280005 | Свич | 1 | комад |
| 5280014 | Буриња за вода | 1 | комад |
| 5280015 | Буре за вода | 1 | комад |
| 5230004 | Компјутер KONIKO PC INTEL | 1 | комад |
| 5230015 | Компјутер | 1 | комад |
| 5230016 | Монитор | 1 | комад |
| 5230018 | Компјутер HP | 1 | комад |
| 5230019 | Монитор | 1 | комад |
| 5230025 | Компјутер | 1 | комад |
| 5230027 | Монитор HP | 1 | комад |
| 5230028 | Компјутер HP | 1 | комад |
| 5230034 | Монитор | 1 | комад |
| 5240003 | Фотоапарат CANON Powershot A3100 IS | 1 | комад |
| 5240006 | Принтер HP LaserJet 1022 | 1 | комад |

# 28.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕСТАВНИК ОД ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УО НА ОУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ“ САНДЕВО**

Се објавува **Решение за разрешување и именување на преставник од Општина Чучер-Сандево во УО на ОУ “Александар Урдаревски“ Сандево**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **6-та** седница, одржана на **27 април 2018** година.

**Бр.09-620/4**
**30.04.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М“ бр. 5/02), член 16 став 1 точка 13 и член 23 став 1 точка 42 од Статутот на општина Чучер-Сандево (“Службен гласник на општина Чучер-Сандево” бр. 2/03), а во врска со член 124 став 2 и 3 од Законот за основното образование (“Службен весник на Р.М” бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17 ), Советот на општина Чучер-Сандево на **6-та** седницата одржана на **27.04.2018** година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ВО УЧИЛИШНИТЕ ОДБОРИ НА ОУ “АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ-САНДЕВО**

1.Од надлежноста претставнк од општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на основното училиште “Александар Урдаревски“ Сандево, се разрешува:

**Горан Колариќ**

2.За претставнк од општина Чучер-Сандево во Училишниот одбор на основното училиште “Александар Урдаревски“ Сандево, се именува:

**Бобан Киранџиски**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Чучер-Сандево”.

**Бр. 08-595/6**
**27.04.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 29.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НАОДЛУКА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО И ОПШТИНА СОПИШТЕ**

Се објавува **Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Чучер-Сандево и Општина Сопиште**, што Советот на Општина Чучер-Сандево го донесе на **6-та** седница, одржана на **27 април 2018** година.

**Бр.09-620/5**
**30.04.2018 година**
**Чучер-Сандево**

**Општина Чучер-Сандево**
**Градоначалник**
**Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02), член 23 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево." бр.2/03) и член 7 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на Р.М." бр. 79/09), Советот на Општина Чучер-Сандево на **6-та** седница одржана на **27.04.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО И ОПШТИНА СОПИШТЕ**

**Член 1**

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен со Одлука на Советот на Општина Сопиште бр.02-623/1 од 01.03.2018 година, за вршење на работи од страна на Општина Чучер-Сандево за Општина Сопиште, од областа на урбанизмот-градежна инспекција.

**Член 2**

Советот на Општина Чучер-Сандево ќе формира заедничка комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка составена од еднаков број членови предложени од двете општини.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Чучер - Сандево".

**Бр.08-595/7**
**27.04.2018 година**
**Чучер - Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Ацо Ушковски с.р.**

# 30.

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02) и член 42 став (1) од Статутот на Општина Чучер-Сандево, ("Службен гласник на општина Чучер-Сандево" бр.2/03), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА "ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО"**

Се објавува **Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на Општинската Јавна Установа "Партизански Дом Сандево"**, што Советот на Општина Чучер-Сандево ја донесе на **6-та** седница, одржана на **27 април 2018** година.

**Бр.09-620/6** **Општина Чучер-Сандево**
**30.04.2018 година** **Градоначалник**
**Чучер-Сандево** **Јован Пејковски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен веник на Р.М." бр. 5/02), член 23 од Статутот на Општина Чучер - Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.02/03) и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен веник на Р.М." бр. 27/14, 199/14 и 27/16), Советот на Општина Чучер-Сандево на **27-та** седница одржана на **27.04.2018** година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 2019 ГОДИНА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА "ПАРТИЗАНСКИ ДОМ САНДЕВО"**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава Согласност на Годишниот план за вработување во ОЈУ "Партизански Дом Сандево" за 2019 година, бр.0302-62 од 29.03.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

**Бр.08-595/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО**
**27.04.2018 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Чучер - Сандево** **Ацо Ушковски с.р**

## С О Д Р Ж И Н А

стр

**25.** **Одлука за усвојување на кварталниот извештај за I квартал, за извршување на Буџетот на Општина Чучер-Сандево за 2018 година ....................................................1**

**26.** **Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Чучер-Сандево за 2019 година .................. 27**

**27.** **Одлука за отпис и расходување на основни средства и ситен инвентар сопственост на Општина Чучер-Сандево ................................ 28**

**28.** **Решение за разрешување и именување на преставник од Општина Чучер-Сандево во УО на ОУ “Александар Урдаревски“ Сандево ...................................................... 31**

**29.** **Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Чучер-Сандево и Општина Сопиште ....................................... 32**

**30.** **Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во 2019 година на Општинската Јавна Установа “Партизански Дом Сандево“ ......................... 33**